Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-13/6
03.08.202 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-13/1 од 07.02.2020, поднесена од политичката партија [redacted] – [redacted], против лицето [redacted] за извршена повеќекратна дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) согласно чл.27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 03.08.2021 го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] против лицето [redacted] за извршена повеќекратна дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло, заведена под бр. 0801-13/1 од 07.02.2020.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 47 од ЗСЗД, започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот на влегувањето во сила на Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе завршат по одредбите од овој закон.

Во претставката, подносителот побара заштита од дискриминација извршена од лицето [redacted], кој на 06.02.2020 во 01:34 часот на својот личен профил на социјалната мрежа „Фејсбук" постирал текст со навредлива и дискриминирачка содржина која опфаќа повеќе основи на дискриминација кон ромската заедница, особено кон жените-Ромки.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 26.05.2021 година испрати Барање бр. 0801-13/2, до Министерството за внатрешни работи – сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика да обезбедат податоци за лицето [redacted], кого подносителот го посочил како потенцијален дискриминатор.

На 14.06.2021 година, Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност – Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика до КСЗД испрати допис бр. 22.14-57904/1 од 0.06.2021, во кој известија дека за откривање на сторител на кривично дело, потребно е да се поднесе официјална пријава до единицата за економски и компјутерски криминал – СВР Скопје или до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, со цел за истото да биде известено ОЈО Скопје, па доколку тие проценат дека постојат елементи з сторено кривично дело според КЗ, се издава официјално Барање за податоци до социјалната мрежа „Фејсбук". Во пријавата потребно е да биде наведен точен УРЛ линк од профилот на корисникот што го сторил кривичното дело, период кога е сторено делото и принтскрин од постот или пораката.

Затоа, на 15.06.2021, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дотави Барање до подносителот на претставката да ги обезбеди бараните податоци за лицето кое го посочиле како сторител на дискриминацијата.

На 03.08.2021 година, на официјалната меил-адреса на КСЗД – contact@kszd.mk, [redacted] испрати електронски допис со кого ја известуваат Комисијата дека направиле проверка и утврдиле дека постот со навредлива содржина веќе бил избришан, па затоа не биле во можност да достават активна УРЛ-адреса на лицето [redacted], со што постапувањето по претставката за заштита од дискриминација стана беспредметно. Во прилог на дописот, тие доставија и скриншот -слика од објавениот пост.

По овој допис, согласно чл.27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ 258/20), Комисијата донесе Заклучок за запирање на постапката по претставката бр. 0801-13/1 од 07.02.2020.

Скопје
03.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
**Весна Бендевска**